# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА

**Службен весник на РМ, бр. 187/2013, 201/2014 и 215 од 07.12.2015 година**

### Член 1

Со овој закон се уредува навременото исполнување на парични обврски кои произлегуваат од реализација на деловни трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, заради спречување на неисполнување на паричните обврски во утврдените рокови согласно со овој закон.

### Член 2

Овој закон се применува на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, согласно со кои едната страна се обврзува да обезбеди стоки, услуги, или вршење на работи, а другата страна се обврзува да ги исполни паричните обврски кои произлегуваат од трансакцијата.

### Член 3

(1) Одредбите од овој закон не се применуваат на економските оператори од приватниот сектор над кои е отворена постапка за стечај, во согласност со закон со кој се уредува стечајната постапка.

(2) Одредбите од овој закон не се применуваат и во случаите кога со посебен закон се утврдени рокови за исполнување на парични обврски на начин различен од утврдениот со овој закон.

### Член 4

Поимите што се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:

1. „Деловна трансакција“ е секој договор, како и секоја е трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, која се однесува на испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи за одреден паричен надоместок;
2. „Субјекти од јавен сектор“ се:
   - органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа,
   - фондови, агенции, дирекции, бироа и јавни установи основани од Република Македонија,
   - јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот над друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото,
   - јавни установи основани од единиците на локалната самоуправа и
   - други институции основани со закон;
3. „Економски оператори од приватниот сектор“ се:
   - трговско друштво или трговец поединец основан согласно со Законот за трговските друштва и
   - физички и правни лица кои вршат профитна дејност и се регистрирани согласно со закон;

4. „Парична обврска“ е износ договорен како надоместок за испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи при што износот е наведен во деловен договор или фактура или друго соодветно барање за исплата;
5. „Фактура“ е документ во кој е наведен паричниот надоместок за испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи при деловни трансакции;
6. „Задоцнето плаќање“ е неисполнување на паричната обврска во роковите утврдени со овој закон, односно со рокот утврден во договорот чиј предмет е повеќегодишна јавна набавка;
7. „Законска казнена камата“ е камата уредена согласно со одредбите од Законот за облигациони односи;
8. „Надоместок за доцнење во исполнувањето на паричната обврска“ претставува еднократен паричен надоместок којшто должникот го плаќа на доверителот во случај кога паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со овој закон;
9. „___________Одговорно лице во субјект од јавниот сектор“ е функционерот кој раководи со субјектот од јавниот сектор утврден во точката 2 на овој член и
10. „Одговорно лице во економски оператор од приватниот сектор“ е лицето кое има извршни овластувања во правното лице економски оператор во приватниот сектор.

**Член 5**

(1) Во деловна трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор не може да се договори рок за исполнување на паричните обврски подолг од 60 дена.
(2) Рокот за исполнување на паричните обврски од ставот (1) на овој член започнува да тече првиот нареден ден од денот:
   1. кога должникот ја примил фактурата, односно друго барање за плаќање од доверителот кој ја исполнил својата договорна обврска;
   2. кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно извршил испорака на договорената стока, услуга или работа, а притоа не може да се утврди денот на приемот на фактурата или друго соодветно барање за плаќање;
   3. кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно извршил испорака на договорената стока, услуга или работа, а должникот ја примил фактурата или друго соодветно барање за плаќање пред доверителот да ја исполни својата договорна обврска или
   4. на истекот на рокот за преглед и потврдување на стоките и услугите, односно прием на извршените работи, ако со закон или договор е предвидена постапка за преглед, потврдување или прием со која се утврдува сообразноста на стоките, услугите и работите, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред или на денот на потврдувањето, при што рокот за преглед на предметот не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на стоката или извршената услуга, односно работа, доколку по исклучок кој произлегува од специфичностите на стоките, услугите и работите или од природата на договорот не е договорен подолг рок.
(3) По исклучок на ставот (1) на овој член во деловната трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор може да се договори рок подолг од 60 дена, но не подолг од 120 дена, доколку постои изречна писмена согласност од двете страни.
(4) Економските оператори од приватниот сектор се должни да ја исполнат паричната обврска во роковите утврдени со овој закон.

## Член 6

(1) Во деловна трансакција меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор не може да се договори рок за исполнување на паричните обврски подолг од 60 дена во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога Фондот за здравствено осигурување на Македонија и корисниците на средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, јавните здравствени установи и Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетските клиники, завод и ургентен центар се јавуваат како должници, не може да се утврди рок за исполнување на паричната обврска подолг од 90 дена.
(3) По исклучок од ставите (1) и (2) на овој член рокот за исполнување на паричните обврски меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, може да биде подолг од 60 односно 90 дена ако се работи за договор чиј предмет е повеќегодишна јавна набавка.
(4) Рокот за исполнување на паричните обврски од ставовите (1), (2) и (3) на овој член започнува да тече од денот утврден во членот 5 став (2) од овој закон.
(5) Субјектите од јавниот сектор се должни да ја исполнат паричната обврска во роковите утврдени со овој закон.
(6) Субјектите од јавниот сектор чии сметки се во рамките на Трезорската сметка на Министерството за финансии, односно Трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, се должни барањето за плаќање на достасаните фактури спрема економски оператор од приватниот сектор до Трезорот во Министерството за финансии, односно до Трезорот во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да го достават заклучно со триесеттиот ден, доколку сметките на субјектот се во рамките на трезорската сметка на Министерството за финансии, односно четириесет и петтиот ден, доколку сметките на субјектот се во рамките на трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување, од денот кога започнува да тече рокот согласно со членот 5 став (2) од овој закон.
(7) Министерството за финансии, односно Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во случаите од ставот (6) на овој член, се должни да ги исплатат средствата на кои гласи доставената фактура од ставот (6) на овој член, на сметката на економскиот оператор од приватниот сектор, во рок од 30, односно 45 дена од денот на поднесувањето на барањето за плаќање во трезорот.

## Член 6-а

Во договор меѓу економски оператори од приватниот сектор, односно меѓу економски оператор од приватниот сектор и субјект од јавниот сектор, во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, кога е утврдено паричната обврска да се исполни на рати, како рокови за исполнување на паричните обврски за секоја одделна рата во случај кога како доверител и должник се јавуваат економските оператори од приватниот сектор, се применуваат роковите од членот 5 ставови (1) и (3) од овој закон, односно во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, а доверител во деловната трансакција е економски оператор од приватниот сектор, се применуваат роковите од членот 6 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.

## Член 7

(1) Во случај кога рокот за плаќање не е утврден во деловната трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските

оператори од приватниот сектор, или кога договорите содржат ништовна одредба во однос на рокот за плаќање, согласно со одредбите од овој закон, должникот треба да ги исполни своите парични обврски во рок од 30 дена од денот:

1. кога должникот ја примил фактурата, односно друго барање за плаќање од доверителот кој ја исполнил својата договорна обврска;
2. кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно извршил испорака на договорената стока, услуга или работа, а притоа не може да се утврди денот на приемот на фактурата или друго соодветно барање за плаќање;
3. кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно извршил испорака на договорената стока, услуга или работа, а должникот ја примил фактурата или друго соодветно барање за плаќање пред доверителот да ја исполни својата договорна обврска или
4. на истекот на рокот за преглед и потврдување на стоките и услугите, ако со закон или договор е предвидена постапка за преглед и потврдување со која се утврдува сообразноста на стоките, услугите и работите, а должникот ја примил фактурата или соодветното барање за исплата пред или на денот на потврдувањето, при што рокот за преглед на предметот не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на стоката или извршената услуга, односно работа, доколку по исклучок кој произлегува од специфичностите на стоките и услугите или од природата на договорот не е договорен подолг рок.

## Член 8

(1) Доверителот има право на надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска од должникот во износ од 3.000 денари, доколку паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со одредбите од членовите 5, 6, 6-а, 7 и 18 од овој закон, без претходно потсетување и опомена на должникот.

(2) Правото на надоместок за доцнењето од ставот (1) на овој член не го исклучува правото за надоместок на трошоците кои доверителот има право да ги побарува врз основа на договор или други прописи, како и на казнена камата која се пресметува и наплатува согласно со закон.

(3) Правото на надоместок за доцнењето од ставот (1) на овој член не ги опфаќа трошоците за извршување кои се наплатуваат во согласност со законот со кој се уредува извршната постапка.

(4) Правото на надоместок за доцнењето од ставот (1) на овој член престанува да важи во рок од три години од денот на истекот на рокот на достасување на паричната обврска.

## Член 9 (се брише)

## Член 10

(1) Како ништовна договорна одредба ќе се смета одредбата која во однос на доверителот е значително неправедна и на нефер начин го одредува датумот или периодот за плаќање, казнената камата за задоцнето плаќање или надоместокот на трошоците за задоцнето плаќање.

(2) За значително неправедна и нефер договорна одредба, во смисла на овој закон, се смета:

1. утврдување на рокот за плаќање подолг од рокот предвиден во членот 5 од овој закон кога должникот е економски оператор од приватниот сектор;
2. утврдување на рокот за плаќање подолг од рокот предвиден во членот 6 од овој закон кога должникот е субјект од јавниот сектор;
3. рокот кој го определува датумот на приемот на фактурата;
4. исклучување, ограничување и условување на правото на пресметка и наплата на казнена камата во висина утврдена согласно со закон и
5. исклучување, ограничување и условување на правото на надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска.

(3) Право за преземање активности за покренување тужба пред надлежен суд за

примената на договорни одредби меѓу субјектите од приватниот сектор кои се значително неправедни и нефер во однос на доверителот, имаат стопански и други професионални комори, кластерски и други здруженија, асоцијации и независни професионални организации основани согласно со закон, кои ги застапуваат интересите на соодветните економски оператори од приватниот сектор.

**Член 11**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор, во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, врши Министерството за финансии преку Финансиската инспекција во јавниот сектор.
(2) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон од страна на економските оператори од приватниот сектор, врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи."
(3) Доколку со овој закон поинаку не е уредено, на постапката за надзор се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

**Член 12**

(1) Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи го спроведуваат надзорот од членот 11 од овој закон:
- по добиено известување од суд дека е донесена правосилна пресуда,
- по добиено известување од нотар дека е донесено правосилно и извршно решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, донесени во постапка за присилна наплата на парична обврска која произлегува од деловна трансакција и
- по добиено известување од извршител за примено барање за извршување врз основа на извршна нотарска исправа.

(2) Судот, нотарот, односно извршителот се должни да го доставаат известувањето од ставот (1) на овој член, во рок од 10 дена од донесувањето на пресудата, односно решението, односно од приемот на барањето за извршување.
(3) Известувањето од ставот (1) на овој член се поднесува во писмена форма или електронска форма, кога е тоа можно.
(4) Формата и содржината на известувањето од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

**Член 13**

(1) По примeното писмено известување од член 12 став (2) од овој закон Финансиската инспекција во јавниот сектор или Управата за јавни приходи е должна да постапи и да изврши контрола на деловната трансакција во насока на утврдување на тоа дали се почитувани одредбите од овој закон во рок од 30 дена од приемот на известувањето во писарницата на Министерството за финансии во случаите кога е надлежна Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно во писарницата на Управата за јавни приходи во случаите кога е надлежна Управата за јавни приходи.
(2) Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи е должна да изврши инспекциски надзор и да одлучи дали ќе поднесе прекршочна пријава до надлежен суд или ќе утврди дека нема повреди на овој закон во рок од 15 дена од денот на извршениот надзор кај контролираниот субјект. За поднесената прекршочна пријава, односно за констатацијата дека нема повреди на овој закон, Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи е должна во писмена, односно електронска форма кога е тоа можно, да ја извести странката која ја поднела тужбата до судот, односно барањето за извршување до извршител,

односно подносителот на барањето за платен налог во рок од три дена од денот кога е поднесена прекршочната пријава, односно е констатирано дека нема повреди на одредбите од овој закон.

(3) Доколку Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи не постапи во роковите утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член и не ја извести странката во рокот утврден од ставот (2) на овој член, странката има право во рок од три работни дена од истекот на вака утврдените рокови да поднесе барање до писарницата на Министерството за финансии за раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно до писарницата на директорот на Управата за јавни приходи, за постапување согласно со одредбите од овој закон на инспекциските органи и за добивање на одговор за резултатот од извршениот инспекциски надзор.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(5) Раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно директорот на Управата за јавни приходи е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член до соодветната писарница да обезбедат спроведување на инспекциски надзор над соодветните субјекти и да поднесат прекршочна пријава до надлежен суд, доколку се утврдат повреди на одредбите од овој закон, односно да констатираат дека нема повреди на одредбите од овој закон и за тоа да ја известат странката.

(6) Кон барањето од ставот (3) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од известувањето кое судот, нотарот или извршителот го испратиле до Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно до Управата за јавни приходи. На барање на странката судот, нотарот или извршителот се должни да и достават на странката копија од испратеното барање со известување за денот на приемот на таквото известување од страна на Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно до Управата за јавни приходи.

(7) Доколку раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно директорот на Управата за јавни приходи не постапи по барањето во рокот од ставот (5) на овој член и не го извести подносителот на барањето, истиот може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(8) Државниот управен инспектор е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (7) на овој член да изврши инспекциски надзор во Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи дали е спроведена постапката согласно со овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува раководителот на Секторот за финансиска инспекција, односно директорот на Управата за јавни приходи во рок од десет дена да постапи по поднесеното барање, односно да спроведе инспекциски надзор, да поднесе прекршочна пријава или да констатира дека нема повреди на овој закон и да го извести подносителот на барањето и за преземените мерки, во истиот рок, да го извести инспекторот и да му достави копија од прекршочната пријава и известување до подносителот на барањето, односно само известување до подносителот на барањето во случаите кога не се констатирала повреда на овој закон.

(10) Доколку раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно директорот на Управата за јавни приходи не постапи во рокот од ставот (9) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој раководителот на Секторот за финансиска инспекција, односно директорот на Управата за јавни приходи ќе постапи по поднесеното барање, за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за преземените дејствија. Кон известувањето се доставува копија од прекршочната пријава и известување до подносителот на барањето, односно само известување до подносителот на

барањето во случаите кога не се констатирала повреда на овој закон. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно директорот на Управата за јавни приходи не постапи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку управниот инспектор не постапи по известувањето од ставот (8) на овој член подносителот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(13) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (12) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (8) и (9) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (10) и (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Во случајот од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(16) Во случаите на ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(18) Доколку раководителот на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор, односно директорот на Управата за јавни приходи не постапи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе прекршочна пријава до надлежен суд.

(19) Постапката пред надлежниот суд е итна.

### Член 13-а

(1) Доколку при вршењето на надзор, кој го спроведуваат органите од членот 11 од овој закон, се утврди дека е сторен прекршок по прв пат од страна на субјектот на надзорот, се составува записник во кој ќе се утврди сторениот прекршок и се донесува решение со укажување за отстранување на прекршокот во рок од осум дена и истовремено се врачува покана за едукација на одговорното лице на субјектот кај кого е утврден прекршокот.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот за финансии.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведување на надзорот.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни прекршоци за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин одговорното лице на субјектот од ставот (1) на овој член над кој се спроведува едукација, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку одговорното лице на субјектот од ставот (1) на овој член над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдениот прекршок.
(7) Доколку во рокот утврден во ставот (1) на овој член субјектот на надзорот достави доказ дека е отстранет утврдениот прекршок од ставот (1) од овој член, се донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекциски надзор.
(8) Доколку во рокот утврден во ставот (1) на овој член субјектот на надзорот не достави доказ дека е отстранет утврдениот прекршок од ставот (1) на овој член, се предлага постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.
(9) Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи водат евиденција за спроведената едукација на начин и форма пропишана од министерот за финансии.

**Член 13-б**

Доколку Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи при вршењето на надзорот од членот 13 од овој закон утврдат дека до денот на вршење на надзорот паричната обврска која произлегува од деловната трансакција која е предмет на контрола е исполнета, истото го констатира во записник и донесува заклучок за запирање на постапката на инспекциски надзор.

**Член 14**

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.
(2) Барање за поведување на прекршочна постапка поднесуваат Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи.
(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку контролираниот субјект не ја исполнил паричната обврска поради тоа што во моментот на доспевањето на обврската неговата сметка е блокирана подолго од 45 дена, не се поведува прекршочна постапка.

**Член 14-а**

(1) За сторените прекршоци од овој закон, овластените лица од Финансиската инспекција од јавниот сектор, односно од Управата за јавни приходи се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.
(2) Постапка за издавање на прекршочен платен налог е задолжителна.
(3) Доколку овластеното лице констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува овластеното лице и сторителот.
(4) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар, овластеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.
(5) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот (5) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.
(7) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
(8) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.
(9) Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.
(10) Органот надлежен за покренување на прекршочна постапка во случајот од ставот (4) на овој член може привремено да ги одземе патната исправа или личната карта за странец и возачката исправа, додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но најдолго осум дена од денот на одземањето.
(11) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.
(12) Овластеното лице е должно да води евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (4) на овој член и за исходот на покренатите постапки.
(13) Во евиденцијата од ставот (12) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(14) Личните податоци од ставот (13) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(15) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.
(16) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку контролираниот субјект не ја исполнил паричната обврска поради тоа што во моментот на доспевањето на обврската неговата сметка е блокирана подолго од 45 дена, не се поведува прекршочна постапка.

**Член 15**

Одредбите од деловните трансакции за кои е склучен договор меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, кои не се во согласност со одредбите од овој закон, се сметаат за ништовни и немаат правно дејство.

**Член 16**

(1) За сите прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.
(2) Цесијата, асигнацијата, преземањето или пристапувањето кон долг, компензацијата и други слични облигациони договори не смеат да се користат на начин кој ќе предизвика одложување на исполнувањето на паричните обврски во согласност со утврдените рокови во овој закон.

**Член 17**

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економски оператор од приватниот сектор - трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон, доколку не ја исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 5 ставови (1) и (3), 6-а и 7 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за трговското друштво и правното лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно закон и за трговецот поединец ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во трговско друштво и правното лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон и на одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице.

### Член 17-а

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на субјект од јавниот сектор, доколку не ја исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 6 ставови (1) и (2), 6-а и 7 од овој закон, односно во договорениот рок од членот 6 став (3) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за субјектот од јавниот сектор ќе се изрече на одговорното лице на субјектот од јавниот сектор, доколку не се исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 6 ставови (1) и (2) и 6-а од овој закон, односно во договорениот рок од членот 6 став (3), односно за субјектите кои се во рамките на трезорот на Министерството за финансии, односно трезорот на Фондот за здравствено осигурување, во случаите кога барањето за плаќање во трезорот на Министерството за финансии, односно во трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е доставено по истекот на роковите од членот 6 став (6) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за за субјектот од јавниот сектор ќе се изрече на одговорното лице на субјектот од јавниот сектор, доколку не се исполни паричната обврска во рокот утврден согласно со членот 7 од овој закон.

### Член 17-б

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на министерот за финансии, односно директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, доколку субјектите кои се во рамките на Трезорот на Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување, го доставиле барањето за плаќање во трезорот на Министерството за финансии, односно во трезорот на Фондот за здравствено осигурување во роковите од членот 6 став (6) од овој закон, а Министерството за финансии, односно Фондот за здравствено осигурување нема да ги исплати паричните средства на кои гласи фактурата во роковите од членот 6 став (7) од овој закон.

### Член 17-в

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на субјектот од јавен сектор и економски оператор од приватниот сектор-трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон, доколку облигационите договори од членот 16 став (2) од овој закон ги користи на начин што предизвикува одложување на исполнувањето на паричните обврски во роковите утврдени со овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за субјектот од јавен сектор и економски оператор од приватниот сектор - трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон ќе му се изрече за сторен прекршок на одговорното лице во економски оператор од приватниот сектор и на одговорното лице во субјектот од јавниот сектор, доколку овозможил користење на облигационите договори од членот 16 став (2) од овој закон на начин што предизвикува одложување на исполнувањето на паричните обврски во роковите утврдени со овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице.

**Член 17-г**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец-поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 18**

(1) За јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот над друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и единиците на локалната самоуправа, роковите од членот 6 став (1) од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2016 година.

(2) Роковите кои ќе се применуваат за субјектите од ставот (1) на овој член до започнувањето на примената на одредбите од членот 6 став (1) од овој закон се:

1. од денот на започнувањето на примената на овој закон до 31 декември 2014 година - рокот за намирување на паричните обврски не може да биде подолг од 120 дена и
2. од 1 јануари до 31 декември 2015 година - рокот за намирување на паричните обврски не може да биде подолг од 90 дена.

**Член 19**

(1) Одредбите од овој закон ќе се применуваат на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, настанати од денот на започнувањето на примената на овој закон.

(2) Одредбите од членот 13 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2015 година, а ќе се однесуваат на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор настанати по 31 декември 2014 година.

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на РМ", број. 201 од 31.12.2014 година**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на РМ“, број. 215 од 07.12.2015 година**

Член 18

Постапките на надзор започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведат согласно со одредбите на Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија" број 187/13 и 201/14).

Член 19

Подзаконските акти пропишани со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Одредбите од членовите 14 став (3) и 14-а став (16) ќе се применуваат заклучно со 31 декември 2017 година.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".